Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија

Број: 02-133/2
Датум: 26.2.2015 г.

# ЗАПИСНИК

од Собранието на Комората на овластени архитекти
и овластени инженери одржано на 26.02.2015

Собранието се одржа во салата на хотелот Континентал - Скопје со почеток во 11:00 часот. Собранието го водеше Претседавачот на Собранието Реџеп Асани.

По констатацијата дека на седницата на Собранието од вкупно 75 члена се присутни 46 преставници на професионалните одделенија, претседавачот констатира дека има кворум за работа и полноправно одлучување по сите точки од Дневниот ред.

Собранието едногласно го утврди следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на записникот од седницата на Собранието одржана на 27.2.2014 година.

2. Годишен извештај за работа на Комората за 2014 година, завршна сметка и финансиски извештај и извештај од Надзорниот одбор за 2014 год.

3. Предлог измени во Статутот на Комората.

4. Избор на претседател и членови на дисциплинската комисија и нивни заменици

5. Усвојување на годишен план за работа за 2015 година.

6. Разно

**ТОЧКА 1**

Записникот од седницата на Собранието одржана на 27.2.2014 година едногласно беше усвоен.

За оверувачи на записникот од оваа седница, Собранието ги избра Грозде Алексовски и Ратко Станојковски.

**ТОЧКА 2**

Претседателот на Комората **м-р Блашко Димитров** ги поздрави присутните на Собранието по што го поднесе Годишен извештај за работа на Комората за 2014 година појаснувајќи одредени точки од истиот. Тој истакна дека изминатата година е значајна пред се по одржување на стабилна финансиска состојба на Комората, со пораст на приходите, купувањето на деловен простор, значајно зголемен број да одржани семинари за доедукација на членовите на Комората, интензивна меѓународна соработка. Тој истакна дека за одбележување е и тоа што членовите се осигурани од професионална одговорност.

Во однос на финансискиот извештај во 2014 година претседателот на комората Димитров информира дека во однос на 2013 година има пораст на приходите за 14,8%. Во однос на трошоците тие се транспарентни што се гледа од показателите дадени во Извештајот доставен до Собранието.

Претседателот напомна дека Извештајот од Надзорниот одбор за финансиското работење на Комората во 2014 год.е позитивен.

***Д-р Миле Димитровски*** поднесе извештај за меѓународната соработка на Комората, при што се задржа на шесте проекти во кои Комората е вклучена. Тој информира за членувањето на Комората во меѓународните здруженија, соработката со нив, взаемното признавање на овластувањата и сл. Професорот Димитровски истакна дека во изминатата година особено е работено на градење на довербата помеѓу членовите како и на Комората со надлежните институции. За одбележување во изминатата година е доделување на четирите награди што ги носат имињата на истакнати инженери и уште 3 други награди што Комората ги додели на денот на своето формирање.

Собранието без расправа едногласно ги усвои: Извештајот за работа на Комората во 2014 година, Финансискиот извештај, Извештајот од меѓународната соработка и Извештајот од Надзорниот одбор.

**ТОЧКА 3**

Предложените измени во Статутот на Комората ги образложи Генералниот секретар на Комората **Димче Атанасовски.** Тој напомена дека посебно битна е измената за начинот на финансирање на Комората, каде се предлага да биде додаден нов извор на приход, и тоа - средства добиени од домашни и странски проекти и финансиски фондации, во насока на подржување на потребите на Комората, пред се во насока на одржување на семинари за доедукација. Генералниот Секретар **Атанасовски** напомена дека ваквото финансирање е неопходен долгорочен план за Комората, бидејки по консолидирањето на вкупниот број на активни членови на Комората; од 2016 година натака приходите на Комората се очекува да се намалат во споредба со годинава, пред се поради тоа што до тогаш ќе бидат наплатени сите застарени побарувања и Комората ќе остане со приход само од тековни годишни членарини. Тој нагласи дека ваквото финансирање за жал неможе да кореспондира со годишните планови на Комората, бидејки се работи за несигурен приход кој пак сам по себе доаѓа по долгорочна постапка, при што некои проекти се одобруваат/финансираат 12-18 месеци по поднесеното барање. Сепак, според Генералниот Секретар Атанасовски, Комората би требало да се фокусира во оваа насока како долгорочен план за работа. Потоа Генералниот Секретар Атанасовски ги појасни измените во Статутот околу дисциплинската постапка во Комората и потребата од нејзино усогласување со законските измени во Законот за градење. Во расправата по оваа точка за збор се јавија: ***д-р Марко Серафимовски, Владко Тодоровски, д-р Влатко Коробар***, при што се задржаа на предлогот, како извори за

стекнување на средства да се утврдат и меѓународни проекти и фондови, истакнувајќи дека треба добро да се осмисли проектот со кој би учествувале, изборот на партнерите во изработката на истите, поголемо вклучување на членовите на меѓународните средби со свои трудови и сл. Се предложи да се предвиди и можноста Комората да добива средства од котизација за присуство на одредени стручни семинари. Генералниот Секретар Атанасовски појасни дека во изминатата година Комората организирала и целосно финансирала 31 семинар низ државата, со преку 2000 посети од инженери, и дека ова била многу значајна расходна ставка во 2014, а со сличен интензитет се планира да биде и 2015 година. Во однос на предложените измени на поглавието за дисциплинска одговорност се забележа дека не е доставен постојниот интегрален текст на одредбите што се предлагаат да се избришат. На поставените прашања одговор даде претседателот на Комората и Генералниот секретар.

По расправата Собранието едногласно ги усвои предложените измени на Статутот на Комората, согласно доставената документација и наложи на органите на Комората да изготват нов Статут согласно изгласаните измени.

**ТОЧКА 4**

Претседателот на Комората информира дека согласно последните измени од Законот за градење, Дисциплинската комисија има значително зголемен обем на работа, при што, со цел да се продолжи со вакватра активност, Претседателот на Комората предложи истите членови и заменици на дисциплинската комисија повторно да се изберат со мандат од две години.

По кусата расправа Собранието со сите гласови за и еден против ги избра следниве членови на Дисциплинската комисија со мандат од две години:

- Благоја Тагасовски , претседател
- Ценгис Хани, член
- Ѓорги Хаџиевски, член
- Иле Цветановски заменик претседател,
- Драги Јорданов, заменик член
- Христинка Матоска, заменик член.

**ТОЧКА 5**

Програмата на Комората за наредната година ја образложи претседателот на Комората, м-р Блашко Димитров, при што подетално ги појасни следниве пет точки на кои Комората ќе се фокосира во 2015 година:

1. Континуиран професионален развој,
2. Иницирање на измени во законската и подзаконска регулатива и изготвување на ценовници за инженерски услуги,
3. Меѓународни активности со локална имплементација,
4. Вселување во нови административни простории на Комората,
5. Останати проектно административни активности.

Собранието, без расправа, едногласно ја усвои Програмата за работа на Комората во 2015 година.

**ТОЧКА 6**

**Катерина Караева** го покрена прашањето за донесување на ценовник на услугите на овластените архитекти и инженери.Одредени појаснувања даде претседателот на Комората.

**Алекса Томовски** и **Катица Аризанкова** дискутираа за ценовникот за услугите на енергетските контролори кој Владата го измени така да цените се толку намалени што ја доведува во прашање егзистенцијата на контролорите кои многу средства вложиле во обуката. Томовски побара Комората да преземе активности околу смешно ниските цени што се нудат во постапките за јавни набавки и се заложи Комората да ги штити своите членови на корпоративно ниво. Ова негова дискусија ја подржа и ***д-р***

**Петар Цветановски** напомнувајќи проектирањето да не биде предмет на електронско понудување на цена, туку како интелектуална услуга да не е предмет на електронска аукција.

Пресeдателот Димитровски појасни дека Комората во Пресинг има написи за ова и други слични прашања и дека и на други начини се залага во решавање на проблемите со кои се сретнуваат членовите на Комората.

**Д-р Марко Серафимовски** се заложи цената на инженерскиот руд да се доведе на повисоко ниво, а не да е деградирачка.

Претседателот на Комората **Димитров** предложи да не се расправа за енергетските контролори и истакна дека тие не треба да бидат вклучени во процесот на проектирање, ревизија, изведба и надзор пред завршуваљ ена објектот. Комората нема ништо против енергет5ското сертифицирање на објектите, но тоа да биде по техничкиот прием или по 2-3 години од истиот, како што е случај во останати држави. Секој треба да има соодветно место во процесот на завршување на конкретниот проект нагласи Димитров, додавајки дека Комората нема намера да се впушта во оцена на состојбата со енергетските контролори бидејќи не е надлежна.

Седницата заврши во 13:20 часот.

Записникот го состави

Јагода Дренковска, дипл. прав.

Претседавач на Собранието

Реџеп Асани

оверувачи на записникот

Грозде Алексовски

Ратко Станојковски